„Џехенемот е опкружен со страсти, а Џенетот е опкружен со потешкотии.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Џехенемот е опкружен со страсти, а Џенетот е опкружен со потешкотии.“

[صحيح] [رواه البخاري]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува дека Џехенемот е опкружен со работи кон кои копнеат страстите, како што се правењето на забранети дела или занемарувањето на обврските. Затоа, кој ќе ги следи своите страсти во тоа, е од оние кои го заслужиле Џехенемот. Додека Џенетот е опкружен со работи кои страстите ги мразат, како што се постојаноста во извршувањето на верските обврски, избегнувањето на забранетите дела и трпеливоста во тоа. Кој ќе се бори и ќе ги надвладее своите страсти во тоа, е од оние кои го заслужиле Џенетот.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3702